# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за рибарство и аквакултура беше донесен и објавен во Службен весник на Република Македонија број 7 од 15 јануари 2008 година. Врз основа на законот се израотија и објавија 19 подзаконски акти кои заедно со законот ги уредуваат прашањата во врска со управувањето, стопанисувањето и аквакултурата на рибите, нивната заштита и ставање во промет, производството на порибителен материјал и порибувањето на водите во Република Македонија, установите, здружувањето, како и други прашања од значење во областа на рибарството и аквакултурата. Во изминатиот две годишен период од неговото влегување во сила.

Согласно заклучокот број 20 од Извадокот од Нацрт записникот од Седумдесет и осмата седница на Владата на Република Македонија одржана на 16.06.2009 година, а во врска со Информацијата за Петтиот состанок на поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија одржан на 28, 29 и 30 април 2009 година во Скопје, се задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја разгледа можноста за изменување и дополнување на законот за рибарство и аквакултура во насока на намалување на предвидените казни во казнените одредби од законот.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, постапувајќи по заклучокот, а имајќи ги предвид и насоките добиени на самиот поткомитет, покрај измените во намалувањето на казните, текстот на законот го надополни и со одредби во врска со користење на државната помош во рибарството и аквакултурата во Република Македонија, усогласени со соодветните одредби кои ја уредуваат оваа материја во рамките на законодавствотото на ЕУ регулативите 32008R0736 и 32006R1198 .

Исто така, во текстот на законот се направени и измени и дополни во делот на аквакултурата и организирањето и издавањето на дозволи за вршење рекреативен риболов како и измени за номо - техничко подобрување на текстот.

Поради горе наведеното се прелага донесување на Предлогот на Законот за измена и дополна на законот за рибарство и аквакултура.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на направените измени и дополни во Законот за рибарство и аквакултура е доуредување на материјата и нејзино дополнително усогласување со одредбите кои ја уредуваат државната помош во ЕУ како и техничко подобрување и појаснување на текстот за негова непречена имплементација.

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура се заснова на истите начела на кои се заснова и Законот за тутун и тутунски производи.

Основните решенија се однесуваат заради дефинирање и уредување на користењето на државната помош преку воведување на одредби за нејзино определување, одредување на висината на средствата, дефинирање на групите на мерки за кои ќе може да се користи помошта преку годишните програми за финансиска поддршка, корисниците на помошта, како и начинот и условите за нејзино користење.

Во делот на казнените одредби, извршена е корекција на максималните износи за глоба и вметнати се одредби за мандатните казни и постапката за порамнување.

Извршени се измени и во делот на аквакултурата, односно поедноставена е постапката за запишување на субјектите кои вршат одгледување на риба во регистарот на одгледувачи и издавањето на извод и дозвола за аквакултура и во делот на организирањето на рекреативниот риболов и направено е техничко подобрување на текстот на законот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Законот за измена и дополна на законот за рибарство и аквакултура не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на РМ. .

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Со спроведувањето на одредбите на Предлогот на Законот не се предизвикуваат дополни материјални обврски за субјектите.